МЕЃУНАРОДНО БИЕНАЛЕ ВО ВЕНЕЦИЈА

# Концептот го погодивме интуитивно

Tweet
Like 0 Share
18 април 2005 - 00:00

МАКЕДОНСКИОТ ПРОЕКТ ЗА ВЕНЕЦИЈА "БРОДОТ НА МОЦАРТ" НА АНТОНИ МАЗНЕВСКИ Е ВО ОДЛИЧНА РЕЛАЦИЈА СО НЕКОИ ОД ИДЕИТЕ ВОДИЛКИ НА ДВЕТЕ ГЕНЕРАЛНИ ИЗЛОЖБИ НАБИЕНАЛЕТО, ВЕЛИ СОЊА АБАЏИЕВА

Меѓународното биенале во Венеција (12 јуни - 6 ноември) досега е најмасовно во однос на земјите-учеснички. Ќе се претставaат 73 земји од целиот свет, а поголемиот дел од нив (42) немаат свои павилјони, како што е случајот со Македонија, односно ќе изложуваат надвор од Џардини, каде што се сместени павилјоните на 31 земја. Авганистан, Албанија, Мароко, Белорусија, Казахстан, Киргистан и Узбекистан се јавуваат првпат на Биеналето. За разлика од претходните изданија, овој пат бројот на учесниците е лимитиран на помалку автори (42) со повеќе дела. Македонскиот проект за Венеција "Бродот на Моцарт" на Антони Мазневски е во одлична релација со некои од идеите водилки на двете генерални изложби на Биеналето. Македонскиот комесар за Биеналето, Соња Абаџиева вели дека замислата на двете директорки, Роза Мартинез и Марија де Корал, "да се инсистира на интензитетот и опсесивниот квалитет, на визуелизацијата богата со мисла и задоволство, на дела кои можат да ги разбудат емоциите и да изградат светови на лична естетика", во многу се компатибилни со нашиот настап во Венеција. "Кога кон тоа ќе се додадат и поимите носталгија, фантазија, романтика, сонување, авантури, треба навистина да бидеме задоволни што сме конкурирале со проект кој интуитивно го погодил концептот на претстојното Биенале. Треба да се има предвид дека кога Музејот на современа уметност, конкурираше за оваа светска изложба, се уште, не беше позната темата на Биеналето",

објаснува Абациева. Таа додава дека во тек се подготовките околу подготовките на материјалот за маркетинг и промоција на нашето дело и земја. (A. J.)



Like Share Sign Up to see what your friends like.

## Поврзани



[**Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа**]



[**Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!**]



[**9 години бев во врска со мажена жена, еве што научив...**]



[**Дури сега ќе ти ја е*ам мајката!**]



[**Сакам на син ми да му овозможам незаборавно детство,затоа го продавам телото!**]